# П О В И К
## за одржување на годишно собрание на акционери
## на Топлификација АД - Скопје

Врз основа на член 384 и 387 од Законот за трговските друштва (“Службен весник на РМ” бр.28/2004) и член 51 став 2 од пречистениот текст на Статутот на Друштво за производство и дистрибуција на топлинска енергија Топлификација АД - Скопје, Управниот одбор на ден 30.03.2012 година донесе Одлука за свикување на седница на Годишно собрание на друштвото за производство и дистрибуција на топлинска енергија Топлификација АД - Скопје.

Седницата на Годишното собрание на акционерското друштво Топлификација АД - Скопје ќе се одржи на ден **25.04.2012 година (среда) со почеток во 11,оо часот**, во просториите на хотел Александар Палас во Скопје, во конгресна сала 2.

За седницата се предлага следниот

**Д н е в е н   р е д:**

**ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ:**

1. Отворање на Собранието.
2. Избирање на претседавач со Собранието, бројачи на гласови и записничар.
3. Избор на верификациона комисија.
4. Извештај на верификациона комисија.

**РАБОТЕН ДЕЛ:**

1. Разгледување, усвојување и одобрување на Годишната сметка , Годишниот извештај за работата на друштвото во 2011 година и на работата на управниот и надзорниот одбор на Топлификација АД-Скопје.
2. Разгледување на Извештајот за економско-финансиската ревизија на Топлификација АД-Скопје за 2011 година, со мислење и доставување на Годишниот извештај од службата за внатрешна ревизија.
3. Донесување Одлука за распоредување на остварената добивка од работењето за деловната 2011 година.
4. Донесување Одлука за утврдување дивиденден календар за 2012 година.
5. Донесување Одлука за именување на ревизор на годишната сметка на Топлификација АД-Скопје, за 2012 година.
6. Донесување Статутарна одлука за измена на Статутот на Топлификација АД-Скопје.

Собранието одлучува само за прашања кои се уредно ставени во дневниот ред. Вклучување на нови точки во дневниот ред и предлагањето на одлуки може да се врши само по писмен пат, на начин утврден во член 390 од Законот за трговски друштва.

Право на учество во работата и право на глас во собранието има секој акционер или полномошник овластен од акционерите да ги застапува во собранието, со писмено полномошно кое се доставува на друштвото - РЕ за правни работи. Секој акционер има право на поставување на прашања на седницата на собранието, на начин утврден со член 391-б од Законот за трговските друштва.

Материјалите за седницата на собранието можат да се разгледуваат во РЕ за правни работи и на веб страницата на друштвото – www.toplif.com.mk .

**Топлификација АД - Скопје**